Врз основа на членот 27 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на ден 28 март 2014 година, донесе

# ПРАВИЛА

## за изменување и дополнување на

## Правилата за пазар на електрична енергија

### Член 1

(1) Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14), во членот 3, став 1, точките 5) и 6) се бришат.

(2) Точките 7) 8), 9), 10), 11), 12), 13), стануваат точки 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11).

### Член 2

(1) Во членот 89, ставот 1 се менува и гласи:

„ Физичкиот распоред кој што го изготвува БОС за својата балансна група за секој трговски интервал се изразува во MW, при што физичките распореди за трансакциите помеѓу членовите на балансната група се изразуваат во MW со три децимални места“.

(2) Во истиот член, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Физичките распореди за транскации помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија кои што настапуваат самостојно и истите се членки на различни балансни групи се доставуваат преку БОС на соодветните балансни групи, при што се изразуваат во MW“.

(3) Ставовите 2 и 3, стануваат ставови 3 и 4.

### Член 3

(1) Во Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување, во точка 1, Пресметка на отстапувањата, формулата (1.1), се менува и гласи:

$$E_{IMB} = E_{PN} + E_{AR}$$

### Член 4

(1) Во Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување, во точка 1, Пресметка на отстапувањата, подточка 1.1, Пресметка на номинирани размени на електрична енергија, формулата (1.2), се менува и гласи:

$$E_{PN} = (\sum |E_{sell}| - \sum |E_{buy}|) + (\sum |Exp| - \sum |\operatorname{Im} p|)$$

**Член 5**

(1) Во Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување, во точка 1, Пресметка на отстапувањата, во подточката 1.2, Пресметка на реализираната размена на електрична енергија и во подточката 1.3 Пресметување на отстапувања кај потрошувачи со стандардни дневни криви на оптоварување, димензиите, MWh/h се заменуваат со димензиите kWh/h.

**Член 6**

(1) Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

**бр. 01- 853/1**
**28 март 2014 година**
**Скопје**